РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-1265/2
01. 07 2024 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Матуситеб, Сојуз на Турски невладини организации во Македонија, Славеј Планина 2А 1000 Скопје со број 10-1265/1 од 27.06.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Матуситеб, заверено под број 10-1265/1 од 27.06.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен. **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Матуситеб, преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 27.06.2024 година заверено под број 10-1265/1 со кое побара преку е-маил да му биде доставено електронски запис од следната информација: Вработени во Општина ресен и колку од нив се од Турска етничка заедница.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве известува дека вкупно вработени се 90 и од тие 10 вработени се од Турска етничка припадност.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН